ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „ЛАЗО ТРПОВСКИ,,- СКОПЈЕ
ул. „Радика“ бр.9, 1000 Скопје - тел /факс: 3071656, 307165
www.lazotrpovski.mk/ e mail:trpovskilazo@gmail.com

# ПРОТОКОЛ ЗА ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ
во учебната 2020/2021 година

- Наставниот процес во нашето училиште се одвива во период од 08:00 часот до 16:05 часот.
- Работното време за технички персонал започнува од 06:30 часот до 18:00 часот и тоа во две смени:
- - ПРВА СМЕНА ОД 6,30 – 14.30 ЧАСОТ
- -ВТОРА СМЕНА ОД 12-19 ЧАСОТ
- Училиштето за влез и излез на вработените го става во функција трите влеза на училишната зграда.
- Секој вработен од технички персонал задожително треба да е на работното место, со исклучок на вработените ослободени со мерките од Владата. Дезинфекција на објектот ја вршат вработените од технички персонал, а во ситуации од крајна итност и наставниот кадар.
- Површините и предметите кои почесто се изложени на допир од страна на вработените во училиштето и учениците, се дезинфицираат на почетокот и на крајот на секоја смена, а најмалку два пати на ден. Училиштето изготвува листа на сите површини кои треба редовно да бидат чистени.
- Чистењето на училниците се врши пред почетокот на наставата, за време на одморот кога учениците се во училишниот двор и по завршување на сите училишни активности, со вода и сапун/детергент и со дезинфекциско средство кое делува на вируси според упатство на производителот.
- Техничкиот персонал се грижи тоалетите да бидат функционални заради овозможување услови за почесто миење на рацете со проточна вода и сапун и почесто се чистат со задолжително водење на евиденција за спроведеното чистење и дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на горни површини).
- Холовите, скалите и останатите заеднички простории се чистат почесто, додека учениците се на настава и по завршувањето на сите

училишни активности.

-  Чистењето на фискултурната сала, спортските игралишта и соблекувални и другите помошни простории, се врши веднаш по користењето од страна на секоја група ученици.
-  Секојдневно вршење дезинфекција на просторот треба да се врши на следниот начин:
    - Од 6:30 до 7:30 часот, помеѓу смените, како и по завршување на наставата, пребришување на клупите, прскање на кваките од вратите и кваките од прозорите во училниците.

ДИРЕКТОР
СОЊА ЈОВАНОВСКА